Macedonian

SUMITT
Substance Use & Mental Illness Treatment Team

Victorian Mental Health Carers Network

# Совети за негуватели на луѓе со душевна болест што користат дрога (двојна дијагноза)

Кога зборуваме за дроги, мислиме и на оние што се дозволени (алкохол, тутун, лекови што се даваат на рецепт), и на оние што се забранети со закон (марихуана, спид, хероин).

Проучувањата покажуваат дека дури до 80% од луѓето со душевна болест користат дроги. Кога едно лице има и душевна болест и користи дроги, тоа го нарекуваме „двојна дијагноза".

Семејствата и негувателите играат главна улога во животите на луѓето со двојна дијагноза.

Многу е важно членовите на семејството да не се обвинуваат себеси поради тоа што личноста што ја сакаат користи дрога.

## Зошто луѓето со душевна болест користат дроги?

Има многу причини поради кои едно лице со душевна болест може да користи дрога, вклучувајќи ги следните:

- За да му помогне да се справи со знаците на болеста
- За да му помогнат да се справи со несаканите последици од лековите што ги прима
- За да се чувствува добро
- За да се има самодоверба кога е меѓу други луѓе
- За да припаѓа кон некоја група
- За да ја избегне здодевноста
- За да се забавува
- За да му помогне да спие

Запомнете дека многу луѓе во заедницата користат дроги, било да се тие дроги дозволени или забранети, често поради слични причини како луѓето со душевна болест.

## Што настанува прво, душевната болест или злоупотребата на дроги?

Душевната болест и злоупотребата на дроги може да се развијат во текот на повеќе години и може да бидат тесно поврзани.

Најчесто не е важно што настанало прво, бидејќи и за едниот и за другиот проблем е потребно лекување. Меѓутоа, може да биде потешко да се лекува душевната болест ако лицето исто така користи и други дроги.

## Како влијаат дрогите на лековите?

Истовремено земање дроги и психијатриски лекови може да го промени дејството на лековите. Последиците што ќе произлезат од тоа ќе зависат од количината и видот на дрогата и на лекот што се користат.

Victorian Transcultural Psychiatry Unit

Macedonian

Еве некои последици од истовременото земање лекови и droги:

- Може да го зголеми заморот или дремливоста
- Може да влијае на способноста за возење кола или ракување со машини
- Може да предизвика проблеми со дишењето
- Може да биде непредвидливо
- Може да ја намали ефикасноста на лекот
- Во некои ретки случаи може да биде смртоносно

1.1 Изработено од Мари Пиу и Шејн Свини (2007 г.)
**Преводите се великодушно финансирани од Викториската мултикултурна комисија**

SUMITT
Substance Use & Mental Illness Treatment Team

Victorian Mental Health Carers Network

## Како може семејството да се справи со проблемот?

Членовите на семејството може да страдаат на многу начини кога негуваат лице со двојна дијагноза.

Тие може да чувствуваат:

- загриженост, проблеми со спиењето, страв, збунетост, гнев, незадоволство, вина, губење на надежта, отуѓување од лицето што го негуваат
- губење на тежината, насилство
- осуда од околината, губење на пријателите, осаменост

### Работи што помагаат

- Да се постигне договор за користењето на дрогата. **Важно е да запомните дека било какво намалување на користењето алкохол и/или дрога е подобро од никакво.**
- Да се разговара со лицето што го води случајот, со лекар или со друг негувател
- Да се разбере зошто лицето користи дроги
- Да се утврди кога постои веројатност да дојде до користење на дрога
- Да се постават граници за неприфатливото однесување
- Да се пазарува со лицето кога тоа ќе ја добие својата исплата
- Да се купуваат само неопходните работи
- Да се помогне да се планираат парите и да се штеди за иднината

### Работи што не помагаат

- Закани, критики, викање по лицето
- Често давање готови пари или кога лицето ќе побара
- Барање веднаш да се прекине со користењето на дрога
- Претресување на личните работи
- Барање за проверка на мочката
- Ако нешто не помага, не продолжувајте да го правите, обидете се со нешто ново

**Во посебни ситуации или итни случаи, може ќе биде потребно да дејствувате брзо за да се заштитите себеси и другото лице бидејќи безбедноста е најважна од се.**

## Семејствата треба да се грижат за себе

### Работи што помагаат

Продолжете да ги правите работите во кои уживате:

- негувајте ја вашата вера
- работете во градината
- посетувајте ги роднините и пријателите
- минувајте време со животните миленици
- вежбајте
- отпуштете се
- најдете време да организирате заедничко дружење на семејството
- напишете список на семејни активности во кои сите уживаат
- зачувајте ја почитта кон членот на семејството
- посетувајте групи за поддршка на семејствата
- побарајте професионална помош

Victorian Transcultural Psychiatry Unit


Изработено од Мари Пиу и Шејн Свини (2007 г.)
**Преводите се великодушно финансирани од Викториската мултикултурна комисија**

Macedonian

SUMITT
Substance Use & Mental Illness Treatment Team

Victorian
Mental Health
Carers Network

## Како да добиете помош

Ако англискиот не ви е мајчин јазик, ве молиме побарајте преведувач.

Може исто така да ви помогне и ако ги прочитате другите **Совети за помош од оваа збирка, особено Советот за помош 3: Разберете ги чувствата на вина при душевна болест** и **Советот за помош 4: Препознајте ја реакцијата на тага при душевна болест**.

## Места каде што треба да се обратите за помош

## Групи за поддршка на семејствата

- Carers Victoria (Здружение на негуватели во Викторија) **9650 9966** или **1800 242 636** – специфична поддршка за негувателите од 8.30 часот претпладне до 4.30 часот попладне
- Family Drug Help line (Телефонска линија за помош на семејствата при користење droги) **1300 660 068** – 24-часовна поддршка за членовите на семејството на лицето што користи дрога
- Mental Illness Fellowship Helpline (Телефонска линија за помош на Здружението за душевни болести) **8486 4222** – информации за групите за поддршка за семејствата

## Поединечно и семејно советување

- Directline (Директна телефонска линија) **1800 888 236** – 24-часовно советување, поддршка и упатување
- Suicide Helpline (Телефонска линија за помош на самоубијци) **1300 651 251** – 24-часовна поддршка и советување за луѓе што сакаат да се самоубијат
- Kids Helpline (Телефонска линија за помош на деца) **1800 551 800** – 24-часовно советување за млади луѓе што имаат проблеми
- Центар Bouverie Centre **9376 9844** – семејно советување
- Drug Info (Информативна телефонска линија за droги) **1300 858 584** – информации во врска со дрогите за негувателите на разни јазици
- Телефонирајте на Полиција на **000**

Victorian Transcultural Psychiatry Unit